Врз основа на членот 99 од од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 90/2020; 101/2021 и 153/2023), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 15.12. 2023 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2023 година

Член 1

Заради задоволување на интересот на правните и физичките лица за отуѓување на градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија, а со кое располага Општина Кочани, со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кочани за 2023 година („Службен гласник на Општина Кочани” бр.18/2023), се врши следната измена и дополна:

Доролнувањето на Програмата всушност претставува проширување односно зголемување на бројот на градежни парцели кои во рамките на годишната Програма за 2023 година се предвидени како предмет на менацирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија. Програмата се дополнува со градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети:

15. Индивидуално домување

ДУП: ДУП за ГЧ9 за проект „Купи куќа за млади“

- Извод од план: ТБ бр.C4016, донесен со Одлука бр.09-2786/1 од 28.12.2018 година

Градежните парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање се дадени во Табела за јавно наддавање за 2023 година-измена 1, која е составен дел на оваа програма.

Член 2

Во делот на Проценката на финансиските приливи по основ на реализација на Дополната на Програмата, се врши следната дополна и измена на вкупните приходи:

Приходи:

15. Индивидуално домување **117.126,00 ден.**

**СЀ ВКУПНО ПРИХОДИ: 62.273.702,00 ден.**

- Во точка **3** став **2** кој гласи:

,, Оваа Програма нуди поголема можност за избор од страна на заинтересираните странки за отуѓување на градежното земјиште, а согласно Законот за градежно земјиште приходите од овие средства се распределуваат во соодност 20% за Република Северна Македонија и 80% за Општина Кочани,и тоа:

- 20 % на Република Северна Македонија - 12.431.316,00 ден.
- **80 % на Општина Кочани - 49.725.262,00 ден.**

се менува и гласи:

„ „ Оваа Програма нуди поголема можност за избор од страна на заинтересираните странки за отуѓување на градежното земјиште, а согласно Законот за градежно земјиште приходите од овие средства се распределуваат во соодност 20% за Република Северна Македонија и 80% за Општина Кочани,и тоа:

- 20 % на Република Северна Македонија - 12.454.741,00 ден.
- **80 % на Општина Кочани - 49.818.961,00 ден.**

Точка 4 која гласи:

**4. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата**

**Расходи:**

Финансиските средства потребни за реализација на програмате се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

-Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување на градежното земјиште 1% 497.000.,00 ден.
-трошоци по основ на експропријација - 5.000.000,00 ден.
-трошоци за рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште - 50.000,00 ден.

**Вкупно: 5.547.000,00 ден.**

Се менува и гласи:

**4. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата**

**Расходи:**

Финансиските средства потребни за реализација на програмате се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

-Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување на градежното земјиште 1% 614.126.000.,00 ден.
-трошоци по основ на експропријација - 5.000.000,00 ден.
-трошоци за рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште - 50.000,00 ден.

**Вкупно: 5.664.126,00 ден.**

Член 3

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службениот гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-2218/1 Претседател
15.12.2023 година на Советот на Општина Кочани,
К о ч а н и Лазо Митев